СОЗУ “Кузман Шапкарев” – Битола
ул. “Димитар Робев” бр.3
7000 Битола, Република Македонија
тел./факс: 047/238-401
email: ksapkarev@hotmail.com
web: kuzmansapkarev.edu.mk

До Советот на Општина Битола

ПРЕДМЕТ: ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА
,,СОЗУ КУЗМАН ШАПКАРЕВ” ЗА УЧЕБНАТА 2021/22 ГОД.

Работата на училиштето во тек на учебната 2021/22 год. се одвиваше според Годишната програма за работа , согласно со законските прописи на Република Македонија кои произлегуваат од законот за средно образование. Истата е доставена до сите релевантни фактори: Министерството за образование и наука, Советот на Општина Битола, Бирото за развој на образованието на Република Македонија, просветниот инспекторат на Општина Битола, во регуларниот законски рок до 31.08.тековната година.

Од тој аспект, иако во отежнати услови заради пандемијата со вирусот КОВИД-19, направени беа обиди истата максимално да се реализира. Имено СОЗУ Кузман Шапкарев - Битола како воспитно - образовна организација учествува во оспособувањето на кадри од ***земјоделско-ветеринарната*** струка на ниво на општина и пошироко во регионот. Согласно со тоа, СОЗУ Кузман Шапкарев - Битола организира и реализира перманентен воспино - образовен процес за повеќе образовни профили и степен на стручна подготовка.

Во тек на учебната 2021/22 год во нашето училиште беа застапени следните профили:
- **Техниичар за фармерско производство -** четири годишно образование,
- **Ветеринатер техничар -** четири годишно образование,
- **Техничар по фитомедицина -** четири годишно образование
- **Агротехничар -** четири годишно образование,
- **Техничар за хортикултура -** четири годишно образование,
- **Техничар за агроменаџмент-** четири годишно образование.

БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ПО ГОДИНИ И ЗАНИМАЊА

Во СОЗУ Кузман Шапкарев - Битола во учебната 2021/22 година бројот на ученици по години е следниот:

I година: 1 паралелка и тоа во земјоделска-ветеринарна струка

Клас Бр. на ученици

I - 1 14 ученици ветеринарен техничар / техничар по фитомедицина / агротехничар.

Вкупно: 14 ученици

II година: 1 паралелка и тоа во земјоделска-ветеринарна струка

Клас Бр. на ученици – на почетокот беа 10 ученици, еден ученик се отпиша во месец Ноември

II - 1 9 ученици ветеринарен техничар / техничар по фитомедицина / агротехничар.

Вкупно: 9 ученици

III година: 1 паралелка од земјоделско-ветеринарната струка

Клас Бр. на ученици –9

III -1 9 ученици ветеринарен техничар / техничар за фитомедицина / агротехничар

Вкупно: 9 ученици

IV година: 2 паралелки земјоделско-ветеринарната струка:

Клас Бр. на ученици - 12

IV – 1 6 ученици ветеринарен техничар / техничар за агроменаџмент

IV -2 6 ученици техничар по фармерко производство / техничар по хортикултура

Вкупно: 12 ученици

Вкупно во четирите години 44 ученици.

Состојбата на крајот од школската 2021/22 година е следната:

Вкупно 44 ученици, од кои 34 машки и 8 женски. Просек - 3,4

БРОЈНА СОСТОЈБА		
МАШКИ	ЖЕНСКИ	ВКУПНО
34	10	44
УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ		
Одлични	7	15,91%
Мн. Добри	9	20,45%
Добри	22	50,00%
Доволен	4	9,09%
Со 1 слаба оцена	0	0,00%
Со 2 слаби оцени	0	0,00%
Со 3 слаби оцени	0	0,00%
Испит на годината	2	4,55%
Неоценети	0	0,00%

РЕДОВНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ		
	бројчано	**просек по ученик**
Оправдани	1716	39
Неоправдани	654	15
Вкупно	2370	54

Наставата во текот на учебната 2021/22 година се изведуваше според наставниот календар за организација на учебната 2021/22 год. Во тек на ***редовна настава*** покрај обработката на воспитно-образовните содржини се вршеше и следење и оценување на учениците.

Исто така се изведувана е и ***дополнителна воспитно-образовна настава*** во вид на: додатна настава, консултативна настава и индивидуална настава. Во Училиштето овој вид на настава се организираше за учениците кои од разни причини покажуваа слаби резултати во совладувањето на програмските содржини.

Паралелно со стручно-теоретската настава се организираше и ***практична настава*** за сите образовни профили во Училиштето која е во во функција на оспособување на учениците за извршување на работните задачи и работи. Оваа настава се реализираше во рамките на постоечките фарми и земјоделското стопанство на Училиштето, за што и

непрекинато создаваме услови за поуспешна реализација, но и со нејзината реализација да се увидат резултатите од истата. Практичната настава се изведуваше по групи во сите класови, предводени од стручни наставници, за сите профили од струките а, за подобар квалитет во наставата, таа се изведуваше во смени.

Исто така, дел од практичната настава се изведуваше во соработка со ветеринарни станици во Битола, АД Пелагонија, ЈП Комуналец, АД Млекара од Битола, ЗОО Градина, Краварски фарми во Породин, Новаци, ДООЕЛ Евро Стил и сл.

Во училиштето согласно со програмските определби за реформирано средно образование постојат и ***содржини програмирани од Училиштето*** кои се таков облик на образовна дејност со кои училиштето им излегува во пресрет на дел од учениците кои сакаат да изучуваат други содржини или да реализираат други активности надвор од задолжителниот дел.

Во учебната 2021/22 година тие беа избрани од следните подрачја:

- Урбана култура
- Сточарско производство
- Хортикултура
- Претприемништво и бизнис
- Подготовки за вработување и работа
- Природни науки

Во рамките на слободните часови на Училиштето, во неколку наврати беше извршено теренско истражување на учениците, при што во согласност со проектите беа посетени повеќе инстуции и објекти.

Со цел учениците од I - IV година да бидат медицински згрижени, организирани беа систематски прегледи и вакцинации.

Со цел да се заштити здравјето на учениците се превземаа мерки за обнова и реновирање на училишниот намештај, редовно одржување на хигиената на училниците, спортската сала, санитарните јазли, подобрување на личната хигиена по престојот на фармите почитување на куќниот ред и др.

Исто така, механизацијата во стопанството со цел успешно спроведување на практичната настава беше редовно одржувана.

Наставата како најважен сегмент од воспитно-образовната работа во училиштето беше предмет на континуирано следење. Следењето на наствата се реализира на повеќе нивоа и во него учествуваа сите субјекти кои непосредно ја реализираат: Директорот, социологот, психологот меѓусебната посета на наставниците од исти стручни активи.

Унапредувањето на наствата во Училиштето како на теоретската така и на практичната и на друга форма, се одвиваше и со примена на аудио-визуелните средства кои се на располагање на наставниците во библиотеката, како и со користење на компјутерите во соодветните кабинети.

Соработката со родителите на учениците и нивните семејства како битен елемент за воспоставување на спона на релација ученик-наставник, родител-состојба и ситуација во семејството беше редовно практикувана. Главни носители во оваа соработка беа класните раководители кои беа должни да ги известуваат родителите за посета на родителските средби, како и предметните наставници во период кога немаат часови.

И оваа учебна година од страна на училишниот психолог беа организирани советувања за родителите на нередовните и проблематични ученици.

Исто така, Советот на родителите како битна спона преку која родителите ги остваруваат нивните интерес редовно одржуваше свои состаноци.

Во тек на учебната 2021/22 година редовно беа одржани повеќе седници на Наставничкиот колегиум на Училиштето, како и состаноци на Советот на годината кои се одвиваа според предвидена програма во зависност од периодот на годината.

Во рамките на ***училишното стопанство*** беа изведени следните активности:
- Припрема на земјоделските машини за пролетна сеидба;
- Обезбедување на семенски други материјали;
- Организација и изведба на пролетната сеидба
- Нега на есенските посеви;
- Организирање и изведување наводнување на пролетните култури
- Косидба и балирање на фуражни култури
- Генерално чистење и дезинфекција на краварската фарма , телчарникот и свињарската фарма
- Заштита на пролетните посеви од болести и штетници;
- Подготовка на земјоделските машини за изведување на жетвените работи;
- Подготвување на извештај за бројната и здравствената состојба во училишната фарма;
- Изведување на феријалната пракса, жетва и косидба.
- Активности за есенска сеидба и прибирање на пролетните посеви.
- Дел од практичната настава во училиштето се изведуваше во ботаничка градина на површина од два декари каде се засадени садници од најразлични овошни култури и други растенија. Наводнувањето во истата е спроведено со ***системот за наводнување какпка по капка***.
- Во два наврати е извршена дезинфекција дезинсекција и дератизација на училиштето од страна на стручна екипа. Направени се и годишни санитарни и здравствени прегледи на вработените.

На почетокот на учебната година во соработка со Посебното основно училиште „Д-р Златан Сремец“-Скопје беше изведена обука на наставниците за прилагодување на тематските и годишните планирања за ученици со потешкотии.

Во периодот од Ноември-2021г. до почетокот на Март-2022г., Марија Филиповска – стручен соработник – психолог и Владимир Илиевски – професор по група земјоделски предмети реализираа проект „Бастион“ заедно со БАС Академија. За

време на проектот, беа реализирани повеќе работилници.

Исто така, во соработка со здружението на граѓани од Скопје ЕКО ГАИЈА продолжи со работа проектот: „Прва урбана градина во Битола“, во склоп на кој, во мессец март-2022г. е отворена првата урбана градина која го користи системот на **аеропоника**. Проектот ќе продолжи и во учебната 2022/23 година.

Под менторство на наставникот Илија Петровски, реализирани се две прогрми во рамките на Еразмус+ проектот од Националната Агенција и тоа едниот „проект за биодиверзитет и пчели“ и вториот „живеалишта и биодиверзитет“ и „нека летаат пчелите“. Во склоп на едната програма, во месец Мај-2022г. наши ученици беа на дво-неделна стручна едукација во Република Турција.

На 50-ти јубилеен тракторски натпревар на средните земјоделски училишта одржан во Свети Николе на 12-05-2022г., учествуваа учесници од 10 средни училишта од РС Македонија и имаше 128 ученици и 60 ментори по дисциплини.

Натпреварувачите се натпреваруваа во следните категории: - Вешто возење - Препознавање на коски и органи - Препознавање на семиња и плевели - Калемење - Аранжирање на цвеќе - Органско производство. Овој настан е една од масовните манифестации на кој учениците можеа да ги покажат своите знеања и вештини.

Учениците од нашето училиште, СОЗУ Кузман Шапкарев, го збогатија училиштето со две први и две втори места и екипно второ место во конкуренција на сите стручни земјоделски училишта.

дисциплина калемење – ментор Јордан Кузмановски:
- прво место: Филип Магловски – III-1
- второ место: Давид Спироски – III-1

дисциплина вешто возење и орање - ментор Зоран Трајчевски:
- прво место: Улбер Ибраимовски – IV-2

дисциплина препознавање на семиња и плевели – ментор Лидија Трајкова:
- второ место: Елеонора Велевска – III-1

Во месец јуни-2022г. е остварена првична соработка со Земјоделското училиште од Рековац - Република Србија, во рамките на која, нашето училиште беше посетено од нивниот директор и група на стручни наставници. Во тек е подготовна на Меморандум за Соработка преку кој ќе се овозможи долгорочна соработка преку размена на искуства, ученици и наставен кадар.

Според календарот за организација на учебната 2020/21 година беше организирано полагање на државна матура и т.е. завршен испит.

Во согласност со програмата на социологот, реализирани се различни облици на соработка со локалната самоуправа, разновидни предавања со теми од актуелно значење за возраста на учениците, поради подигање на физичката и менталната култура.

СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

Училиштето и локалната сомоуправа соработуваат и активностите успешно ги реализираат. На ниво на локална самоуправа најчесто соработката е со ОО Црвен Краст – Битола, ЈП Комуналец – Битола, Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух Кочо Рацин – Битола, Невладини организации, Средства за информирање, МВР – Битола, Центар за јавно здравје - Битола

СЕПТЕМВРИ 2021год.

Планирано	Реализирано
Соработка со ООЦрвен Крст – Битола	
Соработка со ЈПКомуналец - Битола	
Тековни активности	17.09.2021год. – СИТ координаторот Лидија Трајкова во склоп на МИМО активностите организира Избор на претседател на класна заедница со група на ученици пред претставници на Општинската комисија Снежана Петрова и член од комисијата Наташа Ташковска, директорот Благојче Кривевски, стручната служба, останати професори, родители и сите останати ученици.

ОКТОМВРИ 2021год.

Планирано	Реализирано
Соработка со ООЦрвен Крст - Битола	
Соработка со Центарот за	

социјални работи - Битола	
Тековни активности	**04.10.2021год.** Марија Филиповска психолог и Жанета Ристевска психолог од ОУ „Св. Кирил и Методиј“ член на Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Битола одржаа предавање од областа на Сајбер насилство - Заштита и безбедност при користење на ИНТЕРНЕТОТ. Целта на ова предавање беше подигање на свеста за сајбер насилството, поголемата едукација на младите како да се заштитат и како безбедно да користат интернет е најбитна и е неопходна за да можат да ги ползуваат благодатите на онлајн светот. Опфатени беа се ученици од сите класови.

НОЕМВРИ 2021год.

Планирано	Реализирано
Соработка со ОО Црвен Крст - Битола	
Соработка со министерство за внатрешни работи- Сектор за Внатрешни Работи - Битола	
Тековни активности	**05.11.2021год.** Лидија Трајкова како координатор на GLOBE активностите заедно со директорот Благојче Кривевски примија донација од Опрема за педолошка лабараторија за pH почвени испитувања. Донацијата ја предаде Катерина Николовска – раководител на секторот МК Информативен Центар за животна средина и координатор на GLOBE на ниво на Р.С.Македонија.

	08.11.2021год. Адвокатот Митко Бошевски - претставник од Адвокатската комора во Општински совет за превенција на детско престапништво денес одржа предавање преку кое учениците ги запозна со поимот детско престапништво. Целта на ова предавање беше преку конкретни примери од досегашната работа како адвокат со деца сторители на кривични дела да се подигне свеста кај учениците за тоа што СЕ се смета за детско престапништво и дека иако некои од нив се под 18год. сепак одговараат пред законот за секое сторено кривично дело. Координатор на активноста Марија Филиповска – психолог. Вклучени беа сите ученици од сите класови. **22.11.2021год.–** Психологот Марија Филиповска одржа предавање за превенција од злоупотреба на алкохол „Да ги заштитиме децата од алкохолот"

ДЕКЕМВРИ 2021год.

Планирано	Реализирано
Недела за борба против семејното насилство	
Соработка со министерство за внатрешни работи – Сектор за Внатрешни работи Битола	
Соработка со Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух – Кочо Рацин - Битола	

Соработка со Дом за стари лица – Сјуајдер – Битола	
Тековни активности	**<u>06.12.2018 год.</u>** **„**Моја работа мои права“ он лајн обука за правата на работникот. Вклучени беа ученците од IV-1 и IV-2 **<u>20.12.2021год.</u>** – Психологот Марија Филиповска одржа предавање за превенција од злоупотреба на петарди и други пиротехнички средстава „Стоп за петардите“, можни повреди и последици како и казнени мерки. Вклучени беа сите ученици. **<u>22.12.2021год.</u>** Петра Поп Ристова од Еко Гаиа во урбаната градина која е во склоп на училиштето одржа предавање на тема “Одржливи урбани решенија и урбано градинарство“ вклучени беа учениците од I, II и III **<u>24.12.2021год.</u>**, во дворот на училиштето се презентира ИНТЕРАКТИВЕН ПАРК ЗА МИЛЕНИЦИ. Активноста беше во склоп на програмата на ЦСОО во соработка со МЦГО за поддржување на работата на ученичката заедница во средните стручни училишта и поттикнување на нивно демократско учество во училиштата преку спроведување ученички иницијативи. Идејата на учениците беше предложена од директорот Благојче Кривевски, ментор на активноста - психологот Марија Филиповска и наставникот по ГО Лиле Милинг. Вклучени беа сите ученици од сите години.

МАРТ 2022год.

Планирано	Реализирано
Недела за борба против семејното	

насилство	
Соработка со министерство за внатрешни работи – Сектор за Внатрешни работи Битола	
Соработка со Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух – Кочо Рацин - Битола	
Соработка со Дом за стари лица – Сјуајдер – Битола	
Тековни активности	**02.03.2022 год.** Претставници од подрачното министерство за одбрана одржаа предавање за попоуларизација на АРСМ. Вклучени беа ученците од IV-1 и IV-2. **10.03.2022год.** –Џуниор Ачивмент Македонија, М-Проспект доо во училиштето спроведоја студија за праведна енергетска транзиција како дел од проектот Панда Лабс Џуниор за знаењата и ставовите на младите помеѓу 15 и 24год за теми како што се климатски промени, праведна транзиција, иновации и зелено претприемништво. Вклучени беа ученици од сите години. **21.03.2022год.** од УЈП Билјана Стојановар, одржа предавања на тема „Фискална едукација на млади“. Вклучени беа ученците од IV-1 и IV-2. **21.03.2022год.** од SAVA Осигурување Антонио Поповски и Васко Богдановски одржа предавања по повод глобалната недела на парите. Вклучени беа ученците од III-1, IV-1 и IV-2.

АПРИЛ 2022год.

Планирано	Реализирано
Недела за борба против семејното насилство	
Соработка со министерство за внатрешни работи – Сектор за Внатрешни работи Битола	
Соработка со Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух – Кочо Рацин - Битола	
Соработка со Дом за стари лица – Сјуајдер – Битола	
Тековни активности	**06.04.2022 год.** Претставници од МВР Александра Анџиева и Ките Трајковски и СОУ Таки Даскалот Вен Нашоку одржаа предавање за безбедност во сообраќајот пред матурските прослави. Вклучени беа ученците од III-1, IV-1 и IV-2. **08.04.2022 год.** Ученците од II-1и III-1 присуствуваа на Информативна сесија која се состоеше од кратка презентација на улогата и работата на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап и информации од јавен карактер. Проектот е на УСАИД и е за граѓанско учество и организира информативни сесии за промоција на правото за слободен пристап на информации од јавен карактер.

МАЈ 2022год.

Планирано	Реализирано
Тековни активности	**05.05.2022 год.** Промоција пред учениците од IVгод. на Меѓународниот Славјански

	Универзитет (МСУ) „Гаврило Романович Державин“ **<u>09.05.2022 год.</u>** Промоција пред учениците од IVгод. на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје Универзитет „Св. Кирил и Методиј” Скопје **<u>16.05.2022 год.</u>** Пеце Трифуновски како претставник од Агенција за вработување на Р.С. Македонија одржа предавање за важноста за регистрирање во АБРСМ и бенефити (можност за користење на грандови за невработени) вклучени беа учениците од IVгод. **<u>27.05.2022год</u>.** Ученичката Анастасија Марковска од IIгод. учествуваше на еднодневна обука за дигитална писменост во Општина Битола.

ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО 2020/21

Ред бр.	Име на проект / активност	Место на реализација	Статус	Реализација (месец)	Забелешка (износ на проектот, недоволно средства...)
1	Набавка на нови компјутери за училишната администрација и стручната служба	СОЗУ Кузман Шапкарев	завршен	Мај - 2022	Сопствени средства и средства на Општина Битола

2	Целосно реновирање на училишната фасада	СОЗУ Кузман Шапкарев	завршен	Октомври - 2021	со средства на општина Битола
3	Набавка мини-трактор косачка за одржување на фудбалскиот терен во училиштето	СОЗУ Кузман Шапкарев	завршен	Јуни -2022	со средства на општина Битола
4	4-крилна брана за потребите на училишното стопанство за изведување на практичната настава	СОЗУ Кузман Шапкарев	завршен	Јули -2022	со средства на општина Битола
5	Моторен сврдел за потребите на училишното стопанство за изведување на практичната настава	СОЗУ Кузман Шапкарев	завршен	Јули -2022	со средства на општина Битола

Битола,
Август-2022

Директор
Благојче Кривевски